АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ
УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 01-1986/1
06.04 2017 год.
СКОПЈЕ



# АНАЛИЗА НА ПОВЕДЕНИТЕ ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ ПРОТИВ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ, ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА И ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

**во периодот од 1-ви јануари до 31-ви декември 2016 година**

**Април, 2017 година**

## СОДРЖИНА

Вовед ..... 5

1. Прекршочни постапки за констатирани повреди на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и Правилникот за заштита на малолетните лица ..... 7

1.1. Прекршочни постапки за повреда на одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица ..... 8

1.1.1. Прекршочни постапки против радиодифузери ..... 8

1.1.2. Прекршочни постапки против оператори на јавна електронска комуникациска мрежа ..... 9

1.2. Поведени прекршочни постапки за повреди на одредби од Законот за медиуми против издавачи на медиуми ..... 10

2. Прекршочни постапки за повреди на одредби од Изборниот законик за Предвремените избори за пратеници во Собранието во Република Македонија во 2016 година ..... 12

2.1 Прекршочни постапки за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои беа закажани за април/јуни 2016 година ..... 13

2.2 Прекршочни постапки за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11-ти декември 2016 година ..... 14

3. Заклучни согледувања ..... 25

Прилог бр.1 ..... 29

Прилог бр.2 ..... 31

Прилог бр.3 ..... 35

Прилог бр.4 ..... 37

## Вовед

Надлежноста на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за поведување на прекршочни постапки против субјектите над чие работење Агенцијата врши надзор, произлегува од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), Законот за медиуми (ЗМ) („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14) и Изборниот Законик (ИЗ) („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16).

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, една од мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги презема во случај на констатирана повреда на одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми или на подзаконските акти и условите и обврските од дозволите, е поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка. Оваа мерка Законот ја пропишува во случај кога и покрај донесеното решение за опомена против субјектите над чие работење Агенцијата врши надзор, продолжиле со вршење на истата повреда за која биле опоменати во текот на годината.

Мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Покрај надлежноста за поведување на прекршочни постапки пропишана во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата има надлежност да поведува прекршочни постапки и за повреди на одредбите од Изборниот законик, констатирани при следењето на изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија.

Заради согледување на видовите прекршувања и приказ на поведените прекршочни постапки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до надлежните судови во Република Македонија, како и согледување на состојбата на прекршочните постапки, Агенцијата ја изработи оваа анализа, која за свој предмет ги има поведените прекршочни постапки од страна на регулаторното тело и состојбите на овие постапки во периодот од 1-ви јануари 2016 година до 31-ви декември 2016 година. Со оглед дека 2016 година беше изборна година, оваа

анализа ги опфаќа и поведените прекршочни постапки од страна на регулаторното тело за повреди на Изборниот законик во анализираниот период.

Концептуално, оваа анализата е систематизирана на следниов начин:

Првиот дел од анализата (точка бр.1 потточка бр.1.1.) се осврнува на прекршочните постапки поведени против радиодифузерите и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа за констатирани повреди на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. Во рамките на овој дел од анализата (точка бр.1 потточка бр.1.2.), опфатени се поведените прекршочни постапки во 2016 година против издавачите на медиуми (радиодифузерите) кои сторија повреди на одредбите од Законот за медиуми.

Вториот дел од оваа анализа (точка бр.2), се однесува на поведените прекршочни постапки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за сторени повреди на одредбите од Изборниот законик, во врска со изборите во Република Македонија во 2016 година. Овој дел ги опфаќа поведените прекршочни постапки од страна на регулаторното тело за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои беа закажани за април/јуни 2016 година, кои избори не се одржаа (точка бр.2 потточка бр.2.1) и за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11-ти декември 2016 година (точка бр.2 потточка бр.2.2), со приказ на состојбата на прекршочните постапки.

Во третиот дел во анализата (точка бр.3), дадени се заклучните согледувања произлезени врз основа на анализираните податоци и констатираните состојби во однос на поведените прекршочни постапки од страна на регулаторното тело во 2016 година, заклучно со 31-ви декември 2016 година.

На крајот на анализата, дадени се прегледи на успешно завршените постапки за порамнување и прегледи на поднесените барања за поведување на прекршочна постапка со детални податоци за постапките.

## 1. Прекршочни постапки за констатирани повреди на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и Правилникот за заштита на малолетните лица

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година до надлежните судови во Република Македонија поднесе седум барања за поведување на прекршочни постапки против субјектите на надзор кои извршија повреда на одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и повреда на одредби од Правилникот за заштита на малолетните лица. За истите овие повреди на прописите, претходно на истите субјекти од страна на Агенцијата им беа изречени опомени во текот на 2016 година.

Дополнително, во два наврати регулаторот констатираше дека два субјекта на надзор и покрај изречената опомена, продолжиле со вршење на истата повреда за која биле опоменати во текот на 2016 година. Меѓутоа, во овие два случаи не беше поведена прекршочна постапка со оглед дека сторителите на прекршокот се согласија на предложената забрзана постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог, спроведена од страна на Агенцијата согласно одредбите од Законот за прекршоците.

Во текот на 2016 година, од страна на Агенцијата не беше поведена ниту една прекршочна постапка против издавач на печатен медиум.

Прегледите на предложените забрзани постапки за порамнување и на поднесените барања за поведување на прекршочна постапка од страна на Агенцијата, со податоци за субјектот – сторител на прекршокот, архивски број и датум на барањето за поведување на прекршочна постапка/архивски број и датум на записникот за успешно спроведена забрзана постапка за порамнување, опис на прекршокот и исход од поведената прекршочна постапка, дадени се во прилог на оваа анализа како Прилог бр.1 (забрзани постапки за порамнување) и Прилог бр.2 (барања за поведување на прекршочна постапка).

## 1.1. Прекршочни постапки за повреда на одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица

### 1.1.1. Прекршочни постапки против радиодифузери

Врз основа на извршен контролен програмски надзор во текот на 2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кај тројца радиодифузери кои претходно беа опоменети за три повреди на одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и една повреда на одредби од Правилникот за заштита на малолетните лица, констатираше дека ја повториле истата повреда во текот на 2016 година. На сторителите на прекршоците, согласно одредбите од Законот за прекршоците од страна на Агенцијата им беше предложена забрзана постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог.

Три од констатираните четири прекршувања сторени од страна на радиодифузерите во анализираната година, се однесуваа на неисполнувањето на обврската за емитување најмалку 40% односно 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, која обврска за радиодифузерите ја пропишува членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2016 година еден прекршок беше сторен од страна на радиодифузер со непочитување на правилата за заштита на малолетната публика, на начин што во рамките на својот програмски сервис означил серијал со погрешна предупредувачка сигнализација и негово репризно издание емитувал во несоодветно време од денонокието, што е спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и членот 16 и членот 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Две од четирите забрзани постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог, кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги им ги предложи на радиодифузерите во 2016, завршија успешно. Имено, еден од радиодифузерите кој не ја исполни обврската за емитување најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик и на

јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија (член 92 став 1 од ЗААВМУ) и радиодифузерот кој не ги почитуваше правилата за заштита на малолетната публика (член 50 став 3 од ЗААВМУ и членот 16 и членот 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица), во рок од 8 дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, платија половина од висината на глобите утврдени во прекршочните одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Преостанатите постапки за порамнување (2) кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2016 година му ги предложи на радиодифузерот кој не ја исполни обврската за емитување најмалку 40% односно 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик и на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија (член 92 став 1 од ЗААВМУ), заврши неуспешно, односно радиодифузерот кој ги стори прекршоците не се согласи со предложените постапки за порамнување од страна на регулаторното тело, согласно одредбите од Законот за прекршоците. Со оглед на тоа, од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беа поднесени две барања за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд. Овие две поведени прекршочни постапки се во тек.

### 1.1.2. Прекршочни постапки против оператори на јавна електронска комуникациска мрежа

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2016 година, врз основа на извршен контролен програмски надзор само кај еден оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека и покрај изречената опомена во 2016 година, операторот продолжил со вршење на истата повреда за која бил опоменат истата година. Имено, операторот на јавна електронска комуникациска мрежа стори прекршок на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, која се однесува на употребата на јазикот, односно операторот реемитувал програмски сервиси кои биле титлувани на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, без притоа програмските сервиси да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, што е спротивно на членот 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На операторот на јавна електронска комуникациска мрежа кој го стори наведениот прекршок, од страна на регулаторното тело, согласно

Законот за прекршоците му беше предложена забрзана постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа не се согласи со предложената постапка за порамнување, по што беше поднесено барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд. Оваа прекршочна постапка е во тек.

### 1.2. Поведени прекршочни постапки за повреди на одредби од Законот за медиуми против издавачи на медиуми

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во текот на 2016 година до надлежните судови поднесе четири барања за поведување на прекршочна постапка за констатирани повреди на одредбите од Законот за медиуми сторени од страна на два радиодифузера, кои и покрај изречената опомена во истата година, ги повторија истите повреди на Законот за медиуми.

Две од четирите прекршочни постапки за констатирани повреди на одредбите од Законот за медиуми во анализираната година, беа поведени заради тоа што два радиодифузера не ја исполнија законската обврска на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени од трети страни и слично), остварени вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедување на дејноста и податоци за просечната слушаност во претходната година (член 15 став 1 од Законот за медиуми).

Преостанатите две прекршочни постапки беа поведени заради тоа што два радиодифузера на Агенцијата не и доставија писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година, која обврска за радиодифузерите е пропишана во членот 15 став 5 од Законот за медиуми.

При увид во тековните состојби во Централниот регистар на Република Македонија кај двата радиодифузери кои ги сторија напреднаведените повреди на одредбите од Законот за медиуми, од страна на Агенцијата беше констатирано дека овие субјекти немаат одговорно лице – управител. Со оглед на непостоењето на правни претпоставки, во овие четири случаи, не беа предложени забрзани постапки за порамнување – постапка за издавање прекршочен платен налог, туку барањата за

поведување прекршочна постапка од страна на Агенцијата беа директно поднесени до надлежните судови, со барање судот да назначи претставник на правното лице по службена должност, со цел создавање услови за преземање на сите неопходни дејствија во постапката и казнување на сторителите на прекршоците. Четирите поведени прекршочни постапки за повреда на одредбите од Законот за медиуми се во тек.

## 2. Прекршочни постапки за повреди на одредби од Изборниот законик за Предвремените избори за пратеници во Собранието во Република Македонија во 2016 година

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 76-в став 1 и став 3 од Изборниот законик е должна да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите, така што Агенцијата е должна во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувања на одредбите од овој законик, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот што ги повредил одредбите од Изборниот законик. По покренатото барање за прекршочна постапка надлежниот првостепен суд е должен да одлучи во рок од 48 часа од денот на приемот на барањето. Против одлуката на првостепениот суд може да се изјави жалба во рок од 24 часа од приемот на одлуката. По жалбата, второстепениот суд е должен да одлучи во рок од 48 часа од денот на приемот на жалбата.

Во рамките на оваа своја надлежност, Агенцијата поведе прекршочни постапки за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои беа закажани за април/јуни 2016 година, кои избори не се одржаа, како и за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11-ти декември 2016 година.

Прегледите на успешно завршените забрзани постапки за порамнување и поднесените барања за поведување на прекршочни постапки од страна на Агенцијата, со податоци за субјектот – сторител на прекршокот, архивски број и датум на барањето за поведување на прекршочна постапка/архивски број и датум на записникот за успешно спроведена забрзана постапка за порамнување, опис на прекршокот и исход од поведената прекршочна постапка, дадени се во прилог на оваа анализа како Прилог бр.3 (забрзани постапки за порамнување) и Прилог бр.4 (барања за поведување на прекршочна постапка).

## 2.1 Прекршочни постапки за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои беа закажани за април/јуни 2016 година

Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија беа закажани во април/јуни 2016 година, но изборите не се одржаа. Согласно законската должност да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на спроведен мониторинг (надзор), во врска со овие закажани избори, констатираше дека тројца радиодифузери сторија повреда на член 75-б од Изборниот законик, на начин што известувале за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект. Против тројцата радиодифузери, кај кои беше констатирана наведената повреда на Изборниот законик, Агенцијата поднесе три барања за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

- **Состојба на прекршочните постапки во анализираниот период**

Трите поведени прекршочни постапки од страна на Агенцијата за констатирани повреди на Изборниот законик за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија закажани во април/јуни 2016 година, кои избори не се одржаа, се во тек.

Едно од трите барања за поведување на прекршочна постапка од страна на првостепениот суд и беше вратено на Агенцијата заради спроведување на забрзана постапка за порамнување согласно одредбите од Законот за прекршоците. Забрзаната постапка за порамнување која од страна на регулаторното тело по насока од судот им беше предложена на сторителите на прекршокот, заврши неуспешно. Следствено на тоа, Агенцијата повторно го поднесе барањето за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, кое барање беше отфрлено од страна на првостепениот суд, бидејќи дејствието опишано во барањето, според судот не било прекршок. Во образложение за ваквото наоѓање, судот навел дека Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија донесена на

25.05.2016 година за поништување на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2016) и Одлуката за изменување на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.33/2016), имала реперкусии врз предизборниот период кој пролонгиран, почнувајќи од 24 февруари 2016 година течел, се прекинувал и запирал, што наметнало потреба од екстензивно толкување на законските одредби на Изборниот законик при одлучувањето за ова Барање за поведување прекршочна постапка. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесе жалба на решението за отфрлање на барањето за поведување на прекршочна постапка, која се темелеше на тоа дека прекршокот констатиран од страна на Агенцијата обвинетите го сториле кога биле распишани предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во месец јуни 2016 година, кога во важност биле сите законски одредби согласно кои дејствијата на обвинетите биле пропишани како противправно дело – прекршок и за кое дело била пропишана прекршочна санкција по Изборниот законик, и во период кога Агенцијата имала законска должност да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија, и во рок од 48 часа да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот кој ги повредил одредбите од Изборниот законик. И покрај тоа што жалбата на Агенцијата беше поднесена на 13 декември 2016 година, а согласно Изборниот законик второстепениот суд беше должен по жалбата да одлучи во рок од 48 часа од денот на приемот на жалбата, заклучно со 31 декември 2016 година, Апелациониот суд не донел одлука по жалбата.

Преостанатите две прекршочни постапки, за кои и покрај тоа што барањата за нивно поведување од страна на Агенцијата беа поднесени во мај 2016 година, овие прекршочни постапки сеуште се во тек, така што од страна на првостепениот суд до Агенцијата не се доставени ниту покани за рочиште, ниту одлука.

### 2.2 Прекршочни постапки за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11-ти декември 2016 година

По повод Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11 декември 2016 година, беше изменет и дополнет Изборниот законик. Па така, со Законот за изменување и дополнување на Изборниот

законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/16), Изборниот законик меѓудругото беше дополнет со нов член 196-в кој пропиша дека Правилата за медиумско претставување од членовите 75, 75-а, 75-б, 75-в, 75-г, 75-д и 76-в и 76-г од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.

Согласно член 7 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во рамките на Агенцијата беше формирана Привремена комисија за следење на медиумско претставување која вршеше мониторинг на спроведување на одредбите од членовите 75, 75-а, 75-б, 75-в, 75-г, 75-д, 75-ѓ, 76, 76-а, 76-б, 76-в, 76-г и 77 од законикот, составена од пет члена од кои четири члена ги определуваа двете политички партии во опозиција со најголем број пратеници и двете политички партии на власт со најголем број пратеници во Собранието на Република Македонија, а еден член беше од редот на припадниците на најголемата немнозинска заедница во Република Македонија.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно одредбите од Изборниот законик имаше обврска да постапува по предлозите на Привремената комисија и да поведува постапка согласно со Изборниот законик.

Во согласност со член 196-и од Изборниот законик, за прекршувањата на одредбите од Изборниот законик за кои се утврдени глоби во членовите 181, 181-а, 182, 183, 183-а и 189-а, доколку прекршокот е сторен за прв пат пропишано е дека судот ќе изрече прекршочна санкција опомена (став 1), а доколку прекршокот се повтори, судот ќе изрече глоба во износ утврден во членовите 181, 181-а, 182, 183, 183-а и 189-а од Законот (став 2).

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11-ти декември 2016 година, по предлог на Привремената комисија за следење на медиумското претставување, согласно одредбите од Изборниот Законик, заклучно со 31 декември 2016 година, поднесе 62 барања за поведување на прекршочни постапки до надлежните судови во Република Македонија. Дополнително, за една повреда на Изборниот законик, која радиодифузерот ја повтори, Агенцијата на сторителот на прекршокот, согласно одредбите од Законот за прекршоците му предложи забрзана постапка за порамнување – постапка со издавање на прекршочен платен налог, која постапка заврши успешно.

Најголемиот број барања за поведување на прекршочни постапки (43) од вкупно доставените барања за поведување на прекршочни постапки (62), во анализираниот период, беа поднесени од страна на Агенцијата, по предлог на Привремената комисија, за повреди на одредби од Изборниот законик, кои од страна на радиодифузерите беа сторени прв пат. Согласно одредбите од Изборниот законик, во овие барањата за поведување на прекршочни постапки од страна на Агенцијата на Судот му беше предложено на сторителите на прекршокот да им изрече опомени.

Речиси една третина (19) прекршочни постапки од вкупно (62) поведени прекршочни постапки во анализираниот период, беа прекршочни постапки со барање за изрекување глоба согласно одредбите од Изборниот законик, со оглед се работеше за повреди на Изборниот законик кои радиодифузерите ги повторија.

Една од поведените прекршочни постапка со барање за изрекување глоба, по предлог на Привремената Комисија беше повлечена од страна на Агенцијата поради доставена изјава од член на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, со која членот го повлекува претходно "дадениот глас „ЗА" во Предлогот за изрекување мерка – прекршочна санкција - глоба. Имено при повторно разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) и Одговорот на дописот за наводна појава за нерегистрирани прекршоци, членот на привремената комисија за следење на медиумско претставување констатирал дека ги нема дополнително регистрираните прекршоци од страна на Комисијата, со што останувале четирите констатирани прекршоци наведени во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг). Па така, според воспоставената практика на Комисијата, при одлучувањето за поведување на прекршочна постапка по член 75-б [1], потребно било да бидат констатирани минимум пет прекршувања на овој член, а по дадените појаснувања останувале четири констатирани прекршувања на член 75-б од Изборниот законик, што резултирало со поднесување на Предлог за повлекување на барањето за поведување на прекршочна постапка. [2]

[1] Радиодифузерот на својата програма емитуваше известување за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во функција на изборно медиумско претставување на еден политички субјект.

[2] Достапен на http://www.avmu.mk/images/Predlog_za_sopiranje_postapka_TV_Alfa.pdf

- ***Прекршочни постапки со барање за изрекување опомена***

За време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11-ти декември 2016 година, на предлог на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, за констатирани прекршувања на Изборниот законик кои радиодифузерите ги сторија за прв пат, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги заклучно со 31 декември 2016 година до надлежниот суд поднесе 43 прекршочни постапки со барање за изрекување опомена (Слика бр.1 – Графички приказ на поведени прекршочни постапки со барање за изрекување опомена по одредби од ИЗ).




***Слика бр.1 Графички приказ на поведени прекршочни постапки со барање за изрекување опомена по одредби од ИЗ***

Од графичкиот приказ на поведени прекршочни постапки со барање за изрекување опомена, видно е дека најчести прекршувања биле констатирани на

член 76-б став 3, член 75-ѓ став 1, член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2. Имено, десет прекршочни постапки со барање за изрекување опомени од вкупно 43 вакви постапки кои беа поведени за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11 декември 2016 година, беа поведени против радиодифузерите кои го прекршија изборниот молк (член 76-б став 3 од Изборниот Законик).

Во девет наврати беа поведени прекршочни постапки со барање за изрекување опомени против девет радиодифузери кои на својата програма емитуваaа повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање во еден реален час за политичките партии на власт или опозиција или заради емитување повеќе од 1 минута платено политичко рекламирање (ППР) за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија, со што сторија повреда на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик.

Осум прекршочни постапки со барање за изрекување на опомени, на предлог на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесе против осум радиодифузери поради констатирано прекршување на член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик, односно поради необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и на непристрасен начин и неовозможување подеднакви услови за пристап до програмите на сите организатори на изборна кампања.

Исто така, за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11 декември 2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на предлог на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, во анализираниот период, поведе пет прекршочни постапки со барање за изрекување опомени против пет радиодифузери, за прекршувања на член 76 став 4 од Изборниот законик, односно поради емитување платено политичко рекламирање (ППР) во посебни информативни програми.

Поради известување за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции, и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект (член 75-б од Изборниот законик), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги поведе три прекршочни постапки со барање за изрекување опомени против тројца радиодифузери.

Две прекршочни постапки со барање за изрекување опомени, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на предлог на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, поведе за повреда на член 76 став 2 од Изборниот законик, односно поради јасно неозначување на нарачателот на платено политичко рекламирање.

Од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на предлог на Привремената комисија, до надлежните судови во Република Македонија, во текот на 2016 година, беа поведени вкупно шест прекршочни постапки, односно по една прекршочна постапка со барање за изрекување опомена одделно за секој прекршок сторен од страна на радиодифузерите, а се однесуваат на следните прекршувања на Изборниот законик, и тоа:

- учество на водител на програма/презентер ангажиран во подготвување на програми на радиодифузерите во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници, односно учесници во изборна кампања (член 75-в од Изборниот законик);
- емитување реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија (член 75-д став 4 од Изборниот законик);
- необезбедување гаранција дека спојувањето на блоковите во два последователни часа два пати по ред нема да биде од иста политичка партија и необезбедување гаранција за наизменична застапеност на политичките партии од власт и опозиција, при распределба на дополнителното време за рекламирање во еден реален час емитувана програма за ППР (член 75-ѓ став 2 од Изборниот законик);
- објавување изборно пропагандно известување без наведување дека се работи за ППР и не одвојување од другите содржини на медиумите (член 76 став 1 од Изборниот законик);
- објавување изборно пропагандно известување без наведување дека се работи за ППР, негово неодвојување од другите содржини на медиумите и јасно неозначување на нарачателот на ППР (член 76 став 1 и став 2 од Изборниот законик) и
- објавување на резултатите од испитувањето на јавното мислење, без да се наведат податоците (член 77 став 2 од Изборниот законик).

- ***Поведени прекршочни постапки со барање за изрекување глоба***

За време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа во декември 2016 година, поради констатирани прекршувања на Изборниот законик, кои од страна на радиодифузерите беа повторени, на предлог на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во 2016 година, пред поднесување на сите барања за поведување на прекршочна постапка со предлог за изрекување глоба, на сторителите на прекршоците согласно одредбите од Законот за прекршоците и во роковите пропишани во истиот закон, им предложи 20 забрзани постапки за порамнување – постапки за издавање прекршочен платен налог. Имено, Агенцијата ги почитуваше насоките дадени во дописот бр. 03-2832/3 од 09.06.2016 година, доставен од судија на Основниот суд Скопје 1, Оддел за прекршоци, со кој беше вратено барањето за поведување прекршочна постапка поднесено од страна на Агенцијата, со цел Агенцијата претходно да спроведе целосна забрзана постапка – постапка за порамнување. Оттука, од вкупно предложените забрзани постапки за порамнување (20), најголемиот број забрзани постапки за порамнување (19) заврши неуспешно, следствено на што Агенцијата до надлежните судови во Република Македонија поднесе исто толку барања за поведување на прекршочна постапка со барање за изрекување глоба (Слика бр.2 – Графички приказ на поведени прекршочни постапки со барање за изрекување глоба по одредби од ИЗ).




***Слика бр.2 Графички приказ на поведени прекршочни постапки со барање за изрекување глоба по одредби од ИЗ***

Важно е да се истакне дека за прекршувања на Изборниот законик за време на одржаните Предвремени парламентарни избори во 2014 година, за прекршувања на Изборниот законик за време на изборите во 2016 година, радиодифузерите скоро воопшто не покажаа интерес да ги прифатат понудените постапки за порамнување. Со оглед дека висината на глобите беше приближно иста за време на одржаните избори во 2014 и 2016 година, останува претпоставката дека можеби исходот од предметните постапки пред надлежните судови кои се во тек, ќе даде одредени одговори за причините зошто радиодифузерите немале интерес да ги прифатат понудените забрзани постапки – постапки за порамнување.




***Слика бр.3 Графички приказ на поведени прекршочни постапки***
***– преглед на успешност –***

На предлог на Привремената комисија, од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најмногу (8) прекршочни постапки со барање за изрекување глоба беа поведени заради необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и на непристрасен начин/неовозможување подеднакви услови за пристап до програмите на сите организатори на изборна кампања (член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик).

За прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик (емитување повеќе од 8 минути ППР во еден реален час за политичките партии на власт или опозиција, или емитување повеќе од 1 минута ППР за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група и за политичките партии кои не

се застапени во Собранието на Република Македонија), до надлежниот суд во Република Македонија беа поднесени четири барања за поведување на прекршочна постапка со предлог за изрекување глоба.

Четири прекршочни постапки со барање за изрекување глоба, до надлежниот суд регулаторот на предлог на Привремената комисија за следење на медиумско претставување поднесе поради констатирано известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, беше во функција на изборно медиумско претставување на еден политички субјект (член 75-б од Изборниот законик).

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на предлог на Привремената комисија за следење на медиумско претставување поведе три прекршочни постапки со барање за изрекување глоба поради емитување платено политичко рекламирање во посебни информативни програми (член 76 став 4 од Изборниот законик).

- **Состојба на прекршочните постапки во анализираниот период**

Во однос на состојбата на 62-те поведени прекршочни постапки за констатираните прекршувања на Изборниот законик за Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година кои се одржаа на 11-ти декември 2016 година, заклучно со 31-ви декември 2016 година, констатирано е следното.

И покрај законскиот рок од 48 часа во кој првостепениот суд беше должен да донесе одлука по доставените барања од страна на Агенцијата, до 31.12.2016 година, педесет и осум прекршочни постапки беа во тек пред првостепените судови, од кои за 43 до Агенцијата не беа доставени покани од страна на судот.

Четири прекршочни постапки во прв степен беа отфрлени од страна на првостепениот суд бидејќи дејствието опишано во барањето, според судот не било прекршок. Како образложение за ваквото наоѓањето, судот навел дека Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија донесена на 25.05.2016 година за поништување на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија" бр.9/2016) и Одлуката за изменување на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија („Службен

весник на Република Македонија" бр.33/2016), имала реперкусии врз предизборниот период кој пролонгиран, почнувајќи од 24 февруари 2016 година течел, се прекинувал и запирал, што наметнало потреба од екстензивно толкување на законските одредби на Изборниот законик при одлучувањето за овие барања за поведување прекршочна постапка. Исто така, како образложение за причините за отфрлање на барањата, судот навел дека до денот на одлучувањето по предметните барања не бил донесен акт за распишување на изборите од Претседателот на Собранието, како и тоа дека таков акт не бил донесен ни во периодот во кој обвинетите го сториле прекршокот кој им се става на товар.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесе жалби на решенијата за отфрлање на барањата за поведување на прекршочна постапка. Поднесените жалби, Агенцијата ги темелеше на јасните правила релевантни за предметните постапки пропишани во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[3] и Изборниот законик[4]. Од страна на Агенцијата во жалбите беше апострофирано дека со членот 196-в од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.142/16) јасно се пропиша дека правилата за медиумско претставување од членовите 75, 75-а, 75-б, 75-в, 75-г, 75-д, 76-в (кој ја пропишува надлежноста на Агенцијата за покренување прекршочна постапка по утврдување прекршување на Изборниот законик) и 76-г од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година, како и нотoрниот факт дека одржувањето на предвремени парламентарни избори во Република Македонија беше договорено за 11 декември 2016 година, понатаму нотoрниот факт дека изборите се одржаа на договорениот датум, како и дека Решението на Претседателот на Собранието на Република Македонија за распишување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.193/16), ги потврди овие нотoрни факти. Во оваа насока, во жалбите Агенцијата наведе дека првостепениот суд само ја цитирал одредбата од член 196-в од Изборниот законик, без истата да ја примени. Членот 196-в од Изборниот законик е јасен и недвосмислен дека одредбите за медиумското претставување од Изборниот

[3] Согласно членот 96 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Агенцијата врши активности поврзани со изборите во РМ во согласност со прописите со кои се регулираат изборите во РМ и во Изборниот законик.
[4] Согласно член 76-в став 1 и став 3 од Изборниот Законик Агенцијата е должна да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во РМ од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите, така што Агенцијата е должна во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувања на одредбите од овој законик, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот што ги повредил одредбите од Изборниот законик.

законик се применуваат во периодот од 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.

Две од обжалените четири прекршочни постапки до второстепениот суд се во тек, а две прекршочни постапки завршија со решенија од страна на апелациониот суд со кои беа потврдени првостепените решенија со кои барањата за поведување на прекршочна постапка на Агенцијата се отфрлаат бидејќи дејствијата опишани во барањата не се прекршоци.

Може да се одбележи дека првото решение за отфрлање на барањето за поведување на прекршочна постапка на Агенцијата, Апелациониот Суд ги донел во краток рок, односно во рок од еден ден од денот на поднесувањето на жалбата од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Второто решение Апелациониот суд го донел во рок од три дена од денот на поднесувањето на жалбата од страна на Агенцијата.

## 3. Заклучни согледувања

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2016 година поведе седум прекршочни постапки против субјектите на надзор кои ги повторија истите повреди на одредби од ЗААВМУ, ЗМ и Правилникот за заштита на малолетниците лица, за кои беа опоменати од нејзина страна во 2016 година. Најголем број прекршочни постапки (6) од вкупно поведените прекршочни постапки во анализираната година (7), Агенцијата поведе против радиодифузери, а една прекршочна постапка од страна на регулаторното тело беше поведена против оператор на јавна електронска комуникациска мрежа. Сите седум прекршочни постапки се во тек. Во текот на 2016 година, од страна на Агенцијата не беше поведена ниту една прекршочна постапка против издавач на печатен медиум.

Две од прекршочните постапки кои Агенцијата ги поведе во 2016 година беа покренати против радиодифузер кој не ја исполни законската обврска за емитување програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик и на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, една прекршочна постапка од страна на регулаторното тело беше поведена против оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој реемитуваше програмски сервиси титлувани спротивно на ЗААВМУ, а четири прекршочни постапки од страна на Агенцијата беа поведени против два издавачи на медиуми (радиодифузери) кои не ги исполнија обврските пропишани во ЗМ кои се однесуваат на обезбедување јавноста во нивното работење.

Со оглед дека поведувањето прекршочна постапка согласно ЗААВМУ следи во случај кога субјектот на надзор продолжува со вршење на истата повреда за која бил опоменат во тековната година, при изнесување заклучни согледувања околу поведените прекршочни постапки од страна на Агенцијата во 2016 година, треба да се имаат предвид изречените опомени од нејзина страна во анализираната година[5]. Па така, фактот дека од страна на Агенцијата во 2016 година била изречена 121 опомена, а биле поведени седум прекршочни постапки, покажува дека во мал број случаи субјектите ја повториле истата повреда за која претходно биле опоменати, за што биле поведени прекршочни постапки од страна на регулаторот, што наведува на

[5] Податоците се достапни на http://www.avmu.mk/images/Analiza_na_site_prezemeni_merki_od_srtana_na_AVMU_za_2016_godina.pdf

размислување во насока на промена на законската обврска која пропишува задолжителен контролен мониторинг, односно наместо задолжителен, мониторинг да се реализира по претставка или по случаен избор.

Во однос на поведените прекршочните постапки за повреди на одредби од Изборниот законик, неможе да се извлечат генерални заклучоци во однос на нивниот исход и во однос на постапувањето на судовите, бидејки заклучно со 31 декември 2016 година во мал број беа донесени одлуки од страна на судовите.

Кај донесената одлука од првостепениот суд по прекршочната постапка поведена за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија закажани во април/јуни 2016 година, кои избори не се одржаа, за одбележување е дека Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија донесена на 25.05.2016 година со која се поништи Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.9/2016) и Одлуката за изменување на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.33/2016), имаше големо влијание при одлучувањето на првостепениот суд да го отфрли барањето на Агенцијата за поведување на прекршочна постапка.

Кај донесените одлуки од првостепениот суд по прекршочните постапки поведени за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани во декември 2016 година, покрај претходно цитираната Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, при одлучувањето на судот да ги отфрли барањата на Агенцијата влијание, имаше и одредбата од член 196-в од Изборниот законик согласно која правилата за медиумско претставување се применуваат во периодот од 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година, која одредба судот сметаше дека е неприменлива до донесувањето на актот за распишување на изборите, а кој акт беше донесен на 18 октомври 2016 година.

Одлуката на Уставниот суд и непримената на членот 196-в од Изборниот законик, имаа влијание врз двете донесени решенија од страна на Апелациониот суд, кои беа со негативен исход за Агенцијата.

Во однос на рокот во кој Апелациониот суд е должен да постапи по жалбата (во рок од 48 часа) од приемот на жалбата, истиот во еден наврат е почитуван од страна на судот додека во вториот случај законскиот рок не е почитуван.

Анализата ја одобри:

д-р Зоран Трајчевски, Директор

**Прилози (4):**

1. Преглед на успешно завршени забрзани постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог, за прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица;
2. Преглед на поднесени барања за поведување на прекршочна постапка за прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и Правилникот за заштита на малолетните лица;
3. Преглед на успешно завршени забрзани постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог, за прекршувања на одредбите од Изборниот законик
4. Преглед на поднесени барања за поведување на прекршочна постапка за време на Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија закажани во април/јуни 2016 година кои избори не се одржаа и Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година одржани на 11-ти декември 2016 година.

Прилог бр.1

## Преглед
## на успешно завршени забрзани постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог, за констатирани прекршувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица

| Ред. Бр. | Назив на радиодифузерот | Архивски број на Записникот за констатиран прекршок | Опис на прекршокот |
|---|---|---|---|
| 1 | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | Бр.03-3169/1 од 13.06.2016 | На 13-ти мај 2016 година не ги почитувал правилата за заштита на малолетната публика на начин што репризата на 147 епизода и премиерата на 148 епизода од серијалот „Црната роза" се емитувани погрешно категоризирани како програма од втора категорија (8+) што не се препорачува за деца под 8 години, а репризата на 147 епизода од серијалот е емитувана и во несоодветен програмски термин, во периодот од 14 до 17 часот. Поради чести и долготрајни драматуршки смисловно заокружени глетки и сцени на експлицитно прикажано вербално и психо–физичко насилство, според насоките од Правилникот за заштита на малолетните лица овие епизоди требало да се класифицираат како – Програма од трета категорија (12+), што не се препорачува за деца под 12 години, за која е неопходен надзор од родител/старател, а може да се емитува само во периодот од 20:00 до 05:00 часот. На овој начин обвинетите лица постапиле спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникотзазаштитанамалолетнителица, со што обвинетиот радиодифузер како правно лице, сторил прекршок казнив по член 147 став 1 точка 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а обвинетото одговорно лице на програмата во правното лице, сторило прекршок казнив по член 147 став 2 од истиот Закон. |
| 2 | Трговско радиодифузно друштво ТВ Хана, Мевљан ДООЕЛ Куманово | Бр.03-4768/1 од 07.10.2016 | На ден 19-ви септември 2016 година, не ја исполнил обврската за емитување најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на албански јазикво 2016 година. На овој начин обвинетите лица постапиле спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со што обвинетиот радиодифузер како правно лице, сторил прекршок казнив по член 148 став 1 точка 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а обвинетото одговорно лице на програмата во правното лице, сторило прекршок казнив по член 148 став 2 од истиот Закон. |

**Прилог бр.2**

## Преглед
